Maksim Gorki 14/1-1
1000 Skopje
Macedonia

t. +389 2 3213 513
f. +389 2 3213 622
email: ccc@mt.net.mk

Center for Civil Communications

Скопје, 17 јули 2006 година

Извештај од Истражувањето на корупцијата во образованието

## Притајување на сериозен проблем

И покрај многу малиот број официјално пријавени и разрешени случаи, корупција во образованието во Република Македонија постои и тоа во целиот образовен систем. Наспроти едвај неколкуте официјално пријавени случаи стои перцепцијата во јавноста дека корупцијата во образованието е распространета појава особено во високото образование.

Повикувајќи се на фактот дека бројот на официјално пријавени случаи на корупција во образованието е минорен, наставничко-професорскиот кадар го прикрива пред јавноста овој сериозен проблем и им овозможува на оние кои се инволвирани во корупцијата да останат неказнети, а проблемот нерешен.

Истражувањето покажа дека притајувањето на корупцијата во образованието главно се должи на три причини. Првата, слабите институции и механизми за заштита на студентите и учениците кои би пријавиле корупција, втората, личниот интерес на студентите и родителите кои се инволвирани во корупција да молчат за дадениот поткуп за купување на оценката и третата премолчената солидарност кај професорите за нивните корумпирани колеги.

Прикривањето на корупцијата во образованието, со што се оневозможува и борбата против неа, го носи ризикот учениците и студентите да се стекнуваат со коруптивни навики уште во процесот на образованието и формирањето на нивната личност. Исто така, иако во коруптивни активности е инволвиран само дел од наставничко-професорскиот кадар, преку прикривањето на корупцијата се деградира целата професија воопшто. Сето ова проблемот на корупцијата во образованието го прави многу сериозен.

Професори кои се инволвирани во европските интегративни процеси на државните универзитети од земјава предупредуваат дека високата перцепција за корупција во овие институции може да биде

пречка за нивно зачленување во Европската универзитетска асоцијација (ЕУА).

**Форми на корупција во образованието**

Истражувањето покажа дека класичен облик на подмитување на професор со давање пари на рака или во индекс не се практикува. За избегнување на таков директен контакт во „игра" се внесуваат посредници преку кои се извршува плаќањето или противуслугата за да се положи испитот. Според студентите, во одредени случаи посредниците дури сами ги нуделе своите посреднички услуги. Исто така се укажува дека постои практика и на менување на посредниците за да се прикрие трагата. Професори пак велат дека и тие се жртви на ваквите посредници кои користејќи приватна или професионална блискост со професорите „помагаат" при положување на испит и потоа за себе земаат поткуп од студентите без знаење на професорот.

Наклоноста на професорите се добива и преку најразлични производи и противуслуги зависно од потребите на професорот или пак зависно од бизнисот што го има студентот или неговите родители. Така, се наведуваат случаи студенти да им купуваат на професори лекови, техничка стока, сл. или противуслугата да подразбира организирање свадби за децата на професорите, летни одмори или најмување на професорите како надворешни консултанти во фирмата на родителите на студентите.

Според кажувањата и на студентите и на професорите, еден од до скоро често застапените облици на корупција - продавање книги од страна на професорите според списоци на студенти и по многу повисока цена од реалната - е појава која во последно време е значително сузбиена особено со воведувањето на тнр. кредит трансфер систем. Со овој систем, студентите на почетокот од годината ќе го добиваат од факултетот комплетот книги потребни за наставата.

Друг посочуван облик на корупција застапен во високото но и во средното образование се дополнителните часови што студентите и учениците ги земаат надвор од редовната настава. Во одредени случаи, посетување на одреден фонд од вакви дополнителни часови кај самиот професор или негов пријател се услов за положување на испитот или за добивање добра оценка.

Тешко може да се докаже и со тоа се става под сомнеж и мотивот на наставниците во основното и средното образование за масовно поправање на оценките пред крајот на учебната година. Останува отворен одговорот на прашањето колку зад повисоките оценки стои вољата на наставниците да им помогнат на учениците при запишување

во натамошното образование, а колку зад ова се кријат коруптивни мотиви.

Освен оценките, кај средното и основното образование се наведуваат и други облици на корупција и злоупотреба на државни пари за лична корист. Овде се наведуваат примери на организирање на екскурзии или матурски прослави преку „пријателски" агенции и ресторани од кои потоа директорите на училиштата добиваат соодветен надомест.

Надвор од официјалната евиденција а со тоа и можен предмет на злоупотреба на државни пари е изнајмувањето на училишниот простор. Како најеклатантен пример овде се наведува издавањето на спортските сали. Колку од овие, претежно непријавени, приходи навистина завршуваат во училишните каси зависи од моралот на директорите.

Простор за корупција се уште постои и при изборот на учебниците од коишто се учи особено во основното образование каде бројот на ученици а со тоа и бизнис интересот на издавачките куќи е значително поголем. Имено, не постои транспарентност на процесот на избор на учебници кои им се сугерираат на учениците да ги купат. Оттука, постои сомневање дека изборот не се прави според законските критериуми туку според личните интереси на поединци во училиштата.

### Слабо користење на институциите и механизмите за спречување на корупција во образованието

Истражувањето на корупцијата во образованието покажа дека во Република Македонија недоволно се користат постојните институции и механизми за спречување на корупцијата во оваа област. Така, наспроти неколкуте испитувања на јавно мислење кои покажуваат значително присуство на корупцијата во оваа област, во изминатите четири години или откако постојат, ниту еден студент не пријавил случај на корупција кај двата студентски правобранители. Одамна никој не пријавил корупција ниту на специјалниот телефонот на Министерството за образование за мито и корупција во високото образование.

Ваквото отсуство на официјални пријави од студенти за корупција се толкува како страв од последиците и од личната инволвираност на студентот во коруптивната активност за која кривично одговараат и двете страни. Од друга страна, отсуството дури и на анонимни пријави за корупција говори за недовербата на студентите дека востановените институции ќе го решат проблемот.

Институциите испратија обесхрабрувачка порака и до оние малку студенти кои во изминатиот период се јавиле на телефонот за пријавување мито и корупција во високото образование, така што не

преземаа мерки ниту против професорот за кој се однесуваа најголем број од јавувањата.

Посебен проблем е и недоволното прифаќање на институцијата студентски правобранител од страна на професорскиот кадар на универзитетите. Така, има случај студентски правобранител неодамна да биде дури избркан од страна на деканот на еден факултет кој повикал и полиција за да го отстрани правобранителот. Ова се случувало кога студентскиот правобранител сакал да го промовира пред студентите својот заменик кој бил студент на односниот факултет.

Истражувањето покажа дека е неопходно да се засили и афирмира улогата на студентските правобранители во насока кон борба против корупцијата во високото образование. Според некои треба да се разгледа можноста за професионализација на оваа функција која во моментов се извршува на волонтерска основа.

Воедно се сугерира и на потребата од отворање на канцеларии на студентските правобранители надвор од просториите на факултетите. Се смета дека на овој начин студентите би биле охрабрени да пријават случаи на корупција.

За сето ова да даде резултати треба да се зголеми и степенот на заштита што ќе им биде гарантирана на студентите кои ќе пријават корупција.